ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ НА СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА ЗА ДЕЛОВНАТА 2024 ГОДИНА

Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија во деловната 2024 година, работеше во насока на остварување на програмските цели и задачи, утврдени со Програмата за работа на Сојузот за 2024 година и во рамки на финансискиот план за 2024 година,

1). Финансиска состојба на Актива и Пасива

| Ред.број | Позиција | Тековна година 2024 | Претходна год.2023 |
|---|---|---|---|
| | **АКТИВА** | | |
| 1, | **Материјални средства** | | |
| | -Бруто | 31.029.147 | 29.403.367 |
| | -Исправка на вредноста | -4.554.756 | -3.596.809 |
| | -Нето | **26.474.391** | **25.806.558** |
| 2. | **Парични средства**<br>-Бруто<br>-Нето | <br>2.463.567<br>**2.463.567** | <br>2.722.714<br>**2.722.714** |
| 3. | **Купувачи**<br>-Бруто<br>-Нето | <br>18.540<br>**18.540** | <br>55.620<br>**55.620** |
| 4. | **Краткорочни финансиски Побарувања**<br>--Бруто<br>-Нето | <br>10.838.474<br>**10.838.474** | <br>9.937.314<br>**9.937.314** |
| 5. | **Други краткорочни побарувања**<br>-Бруто<br>-Нето | 764.590<br>**764.590** | 749.562<br>**749.562** |
| 6. | **Активни временски разграничувања**<br>-Бруто | <br>12.704 | <br>44.931 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | -Нето | **12.704** | **44.931** |
| 7. | **Ситен инвентар**<br>-Бруто<br>-исправка на вредноста<br>Нето | <br>169.949<br>-169.949<br>**0** | <br>164.949<br>-164.949<br>**0** |
| | **Вкупна АКТИВА**<br>-Бруто<br>-Исправка на вредноста<br>-Нето | <br>45.296.971<br>-4.724.705<br>**40.572.266** | <br>43.078.457<br>-3761758<br>**39.316.699** |
| | **ПАСИВА** | | |
| 1. | **Деловен фонд** | **26.474.391** | **25.806.558** |
| 2, | **Краткорочни обврски** | **59.057** | **141.606** |
| 3. | **Пасивни временски разграничувања** | **156.050** | **35.936** |
| 4 | **Нераспоредени средства** | **703.749** | **0** |
| 5. | **Извори на средствата за други намени** | **13.179.019** | **13.332.599** |
| 6. | **Вкупна ПАСИВА** | **40.572.266** | **39.316.699** |

Податоците за Финансиската состојба на Активата и Пасивата бележат раст од 3.19% а тоа се до должи на  зголемување на износот на материјалните средства со ревалоризација која е направена согласно порастот од 5,3% на цените на индустриските производи во најголем дел и мал дел од набавена опрема.

2) Финансиска состојба на Приходите и Расходите

Во деловната 2024 година, за реализација на планираните активности на Сојузот се остварени следните:

1.ВКУПНИ ПРИХОДИ –   9.759.487

2.ВКУПНИ РАСХОДИ -   9.055.738

3. ВИШОК НА ПРИХОДИ-   703.749

## 1.Вкупни приходи

Вкупните приходи во 2024 година се остварени во износ од 9.759.487 денари и истите се остварени за 3,4% повеќе во однос на остварените вкупни приходи во 2023 година, а во споредба со планираните приходи во износ од 10.020.500 денари, помалку се остварени за 2,6%.

Во 2024 година, Сојузот со остварените вкупни приходи во износ од 9.759.487 денари ги изврши вкупните расходи во износ од 9.055.738 денари и оствари вишок на приходи од 703.749 денари.

Позитивниот финансиски резултат во работењето на Сојузот, укажува на фактот дека рационално се трошени средствата за остварување на целите и задачите, предвидени со Програмата за работа на Сојузот за 2024 година и се движеле во рамките на финансискиот план за 2024 година.

Вкупните приходи се остварени од членарина и други приходи:

### 1.1.Приходи од членарина

Приходите од членарина се основен извор на финансирање на Сојузот. Во рамките на вкупните приходи, приходите од членарина се остварени во износ од 9.064.266 денари и истите во структурата на вкупните приходи учествуваат со 92,9%, додека од други приходи се остварени средства во износ од 695.221 денари со учеството од 7,1% во вкупните приходи. Приходите од членарина во 2024 година се зголемени во однос на приходите од 2023 година за 1,7%, како резултат на зголемувањето на бројот на корисници на пензија кои членуваат во здруженија на пензионери - членки на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија.

### 1.2. Другите приходи

Од други приходи се остварени средства во износ од 695.221 денари и тоа од:

- приходи од донации 49.400 денари
- приходи од проекти 61.300 денари
- приходи од инвалидски здруженија за весникот “Пензионер плус” 26.625 денари,
- приходи од реклами 213.210 денари
- приходи од кобрендирана картичка 72.521 денари
- приходи од камати 271.686 денари и
- други приходи 479 денари

Остварените средства од други приходи во 2024 година во износ од 695.221 денари споредени со остварените приходи во 2023 година во износ од 526.928 денари се зголемени за 31,9%, како резултат на остварени приходи од донации и повеќе остварени приходи од камати.

Остварените приходи во 2024 година споредени со планираните за 2024 година и со остварените приходи во 2023 година, како и структурата на одделните приходи во вкупните приходи во 2024 година се дава во следниот преглед:

| конто | назив | Остварено 2023 год | План 2024 год | Остварено 2024 год | оств.2024/ оств. 2023 | Оств 2024 план/ 2024 | Структ. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6=5/3 | 7=5/4 | 8 |
| | **ПРИХОДИ ОД:** | | | | | | |
| **730** | **Чланарина донаци,спонзорства и проекти** | **9.085.878** | **9.471.300** | **9.174.966** | **101,0** | **96,9** | **94,0** |
| **7301** | Членарина | 8.912.817 | 9.360.000 | 9.064.266 | 101,7 | 96,8 | 92,9 |
| **7302** | Донации | | 50.000 | 49.400 | 0,0 | 98,8 | 0,5 |
| **7304** | Проекти | 173.061 | 61.300 | 61.300 | 35,4 | 100,0 | 0,6 |
| **715** | **Други услуги** | **290.860** | **318.000** | **312.356** | **107,4** | **98,2** | **3,2** |
| **7152** | Приходи од инвал сојузи за весник | 28.006 | 20.000 | 26.625 | 95,1 | 133,1 | 0,3 |
| **7151** | Реклами | 197.040 | 228.000 | 213.210 | 108,2 | 93,5 | 2,2 |
| **7153** | Кобренд картичка | 65.814 | 70.000 | 72.521 | 110,2 | 103,6 | 0,7 |
| **720** | **Приходи од камати** | **36.911** | **230.000** | **271.686** | **736,1** | **118,1** | **2,8** |
| **7201** | Камати | 36.911 | 230.000 | 271.686 | 736,1 | 118,1 | 2,8 |
| **780** | **Други вонредни приходи** | **26.096** | **1.200** | **479** | **1,8** | **39,9** | **0,0** |
| **7802** | Други вонредни приходи | 26.096 | 1.200 | 479 | 1,8 | 39,9 | 0,0 |
| | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **9.439.745** | **10.020.500** | **9.759.487** | **103,4** | **97,4** | **100,00** |

Приходи од членарина во 2024 година бележат благ пораст од 1,7% во споредба со приходите остварени во 2023 година што се должи на порастот на корисниците на старосна пензија, кои се членови на здруженијата на пензионери, членки на Сојузот. Во оваа година редовно се вршеше исплата на пензиите и редовно се вршеше

дозначување на средства за членарина од страна на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија.

Бројот на корисници на пензија во 2024 година во однос на 2023 година се дава во следниот преглед:

| Вид на пензија | Корисници на пензија 31.12.2023 | Корисници на пензија 31.12.2023 | Зголемување/ намалување | Индекс 2024/2023 |
|---|---|---|---|---|
| Старосна | 235.957 | 245.744 | 9.787 | 104,1 |
| Инвалидска | 26.814 | 25.445 | -1.369 | 94,9 |
| Семејна | 74.206 | 73.839 | -367 | 99,5 |
| Вкупно | 336.977 | 345.028 | 8051 | 102,1 |
| Воени | 790 | 729 | -61 | 92,2 |
| Земјоделски | 47 | 37 | -10 | 78,7 |
| **Вкупно** | **337.814** | **345.794** | **7.980** | **102,4** |

Според податоците во прегледот се гледа дека пораст на бројот на корисници на пензија се забележува само кај корисниците на старосна пензија од 4,1%, а кај другите видови на пензија има намалување на бројот на корисници на пензија. Намалувањето на бројот на воена и земјоделска пензија е поради тоа што тие пензии се остварени според претходни законски прописи, кои повеќе не се во примена, додека бројот на инвалидски пензии секоја година се намалува, поради заострени услови за остварување на тоа право, потоа преземени повеќе превентивни мерки за заштита при работа, како и намалување на осигурениците вработени во фирми на потешки работни места. Од 48.364 корисници на инвалидска пензија во 2007 година, во 2024 година тој број изнесува 25.445 корисници што е скоро преполовен. Бројот на семејните пензии е константен и од 2007 година се движи од 74.000 до 76.000 корисници

Просечните пензии по видови на пензија изнесуваат:

| Вид на пензија | 31.12. 2023 | 31.12. 2024 | индекс |
|---|---|---|---|
| Старосна пензија | 21.774 | 25.411 | 116,7 |
| Инвалидска пензија | 17.914 | 21.320 | 119,0 |
| Семејна пензија | 15.914 | 19.200 | 120,6 |
| Земјоделска пензија | 10.419 | 13.429 | 128,9 |
| Воена пензија | 28.575 | 32.581 | 114,0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **20.195** | **23.785** | **117,8** |

Просечната пензија во 2024 година во однос на просечната пензија во 2023 година е зголемена за 17,8%, како резултат на усогласувањето на пензиите од 1 јануари 2024 година за 5,3% и усогласување на пензиите од 1 септември 2024 година линеарно на сите корисници на пензија за 2.500 денари.

Линеарното усогласување на пензиите различно се одрази на висината на пензиите по видови на пензија, така висината на земјоделската пензија се зголеми за 28,9%, додека висината на воената пензија за 14%.

Приходи од донации во 2024 година се остварени во износ од 49.400 денари од Министерството за култура за проектот Ревии на песни, музика и игри во 2023 година.

Приходи од проекти се остварени во износ од 61.300 денари, за проектот Ctity&Co во соработката со Универзитетот за социјална политика "Мајка Тереза" за животот на старите лица во Скопје над 65 години.

Приходите од комбрендирана картичка се остварени во износ од 72.521 денари и се повисоки за 10,2% во споредба со остварените средства во 2023 година и во споредба со планираните за 2024 година за 3,6%.

Приходите од инвалидските сојузи на пензионери за весникот "Пензионер плус" изнесуваат 26.625 денари и истите се пониски за 4,9% во однос на остварените во 2023 година, како резултат на намалување на инвалидските пензионери како членството во инвалидските сојузи.

Приходите од реклами се остварени во износ од 213.210 денари и се повисоки за 8,2% во споредба со остварените приходи од реклами во 2023 година, додека во споредба со планираните приходи извршувањето изнесува 93,5%.

Приходите од камати се остварени во износ од 271.686 денари и се значително повисоки во однос на остварените приходи во 2023 година, како резултат на зголемување на каматните стапки на орочените средства од страна на банките.

**2.Вкупни расходи** се остварени во износ од 9.055.738 денари и во споредба со планираните расходи за 2024 година се извршени со 90,4%, а во споредба со извршените расходи од 2023 година се повисоки за 6,1%.

**Вкупните расходи** се однесуваат на следните трошоци и тоа:

| Ред бр | Вид на трошок | Остварено 2023 | Планирано 2024 | Остварено 2024 | 2024/2023 - | 2024/План | Структур |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1 | Функционални трошоци | 4.678.939 | 5.300.000 | 4.830.108 | 103,2 | 91,1 | 53,3 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | Интелектуални услуги | 1.420.085 | 1.900.000 | 1.736.854 | 122,2 | 91,4 | 19,2 |
| 3 | Тековни расходи | 2.358.581 | 2.750.500 | 2.421.776 | 102,7 | 88,0 | 26,7 |
| 4 | Капитални расходи | 80.980 | 70.000 | 67.000 | 82,4 | 95,7 | 0,8 |
| | **Вкупно** | **8.538.585** | **10.020.500** | **9.055.738** | **106,1** | **90,4** | **100,00** |

**2.1.Функционални расходи** се остварени во износ од 4.830.108 денари или 91,1% во однос на планираните расходи за 2024 година, а во споредба со извршените расходи во 2023 година се повисоки за 3,2%.Во структурата на вкупните расходи функционалните расходи имаат најголемо учество што изнесува 53,3%.Најголем дел од функционалните расходи се однесуваат на расходите за спортски активности со комисијата за спорт во износ од 737.055, потоа за културно забавениот живот со комисијата за култура во износ од 895.733 денари, како и издавање на весникот “Пензионер плус” во износ од 1.691.703 денари или вкупно за овие три активности износ од 3.324.491 денари, што претставуват трошок од 69,7% од функционалните расходи или во структурата на вкупните трошоци учествуваат со 36,7%.

Расходите за спорт и спортски активности се однесуваат за трошоци за одржување на 8 -те регионални спортски натпревари во кои трошоци Сојузот учествува со по 40.000 денари за секој носител – домаќин на спортските натпревари, како и за организирање на Републичките спортски натпревари.

Трошоците за културно забавен живот се однесуваат за трошоци за одржување на 8-те регионални ревии во кои трошоци Сојузот учествува со по 40.000 денари за секој носител-домаќин на одржување на регионалните ревии како и за организирање на централната Републичка ревија на песни, музика и игри.

Трошоците за издавањето на весникот “Пензионер плус” се однесуваат за печатење на весникот,надометоци за ангажираните лица за уредување на весникот, надоместок на дописниците со написи од работата на органите,телата, комисиите и други активности на Сојузот и здруженијата на пензионери, како и објавување на текстови во весникот Koxa на албански јazik. Во оваа година во однос на 2023 година трошоците за издавање на весникот се пониски, бидејќи се објавени 11 броја во текот на годината, односно еден број помалку од 2023 година

Функционалните расходи по намени во 2024 година, во однос на планираните и остварените во 2023 година се даваат во следниот преглед

| | Функционални расходи | Остварени 2023 год | План 2024 год | Остварено 2024 год | Индекс | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 5./2. | 5./3. |
| 4181 | Собрание | 304.599 | 300.000 | 279.235 | 91,7 | 93,1 |
| 4182 | Извршен одбор | 312.746 | 300.000 | 344.674 | 110,2 | 114,9 |
| 4183 | Надзорен одбор | 40.752 | 60.000 | 39.614 | 97,2 | 66,0 |
| 4184 | Ком за меѓунар. соработ | 11.799 | 50.000 | | | |
| 4185 | Правно-економски форум | 59.441 | 60.000 | 61.228 | 103,0 | 102,0 |
| 4186 | Спорт и спортски активн | 595.455 | 700.000 | 653.816 | 109,8 | 93,4 |
| 4187 | Комисија за спорт | 84.840 | 110.000 | 83.239 | 98,1 | 75,7 |
| 4188 | Културно забавен живот | 578.259 | 730.000 | 762.838 | 131,9 | 104,5 |
| 4189 | Комисија за КЗЖ | 89.796 | 130.000 | 132.895 | 148,0 | 102,2 |
| 41810 | Ком.за здрав.и соц полит | 29.286 | 55.000 | 53.528 | 182,8 | 97,3 |
| 41811 | Ком за информирање | 33.797 | 55.000 | 25.208 | 74,6 | 45,8 |
| 41812 | Статутарна комисија | 37.997 | 60.000 | 34.743 | 91,4 | 57,9 |
| 41813 | Пензионер плус | 1.767.028 | 1.955.000 | 1.691.703 | 95,7 | 86,5 |
| 41814 | Одбор на Регистр организ | 26.397 | 50.000 | 36.805 | 139,4 | 73,6 |
| 41815 | Обработка на податоци | | 10.000 | 5.000 | | 50,0 |
| 41815 | Работилница -новинари | 44.654 | 50.000 | 31.076 | 69,6 | 62,2 |
| 41825 | Монографија | 160.004 | | | | |
| 41818 | Културно творештво | 201.002 | 250.000 | 229.877 | 114,4 | 92,0 |
| 41819 | Ком. за културно твореш. | 8.176 | 15.000 | 11.364 | 139,0 | 75,8 |
| 41820 | Социјална карта | 0 | 20.000 | 14.750 | | 73,8 |
| 41821 | Ком за меѓугенерац сораб | | 30.000 | 62.773 | 0,0 | 209,20 |
| 41822 | Ало пензион. прашања | 56.173 | 60.000 | 56.120 | 99,9 | 93,5 |
| 41823 | Координативно тело | 91.129 | 100.000 | 92.275 | 101,3 | 92,3 |
| 41824 | Ком за пензион. и старски | 35.977 | 50.000 | 43.284 | 120,3 | 86,6 |
| 41828 | Трошоци за функција | 109.632 | 100.000 | 84.063 | 75,5 | 84,1 |
| **418** | **Вкупно функционални трошоци** | **4.678.939** | **5.300.000** | **4.830.108** | **103,2** | **91,1** |

**2.2.Интелектуални услуги** се извршени во износ од 1.736.854 денари и во споредба со извршените расходи во 2023 година се повисоки за 22,3%.. Зголемувањето на расходите се должи на зголемување на надоместоците во почетокот на годината согласно Одлуката за единствени мерила и критериуми за материјално финансиско работење на Сојузот и здруженијата на пензионери, зголемување на книговодствени услуги и зголемување на трошоците за ревизија на сметката на Сојузот од независна ревизорска куќа. Интелектуалните услуги во вкупните расходи учествуват со 19,2%.

Интелектуалните услуги се однесуваат на следните расходи:

| | Сметка | | Остварено 2023 год | Планирано 2024 год | Остварено 2024 год | 2024/2023 | 2024/План |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 4171 | Договор на дело | 566.676 | 809.000 | 753.333 | 132,9 | 93,1 |
| 2 | 4172 | Избрани лица | 693.336 | 800.000 | 709.887 | 102,3 | 88,7 |
| 3 | 4174 | Нотарски услуги | | 1.000 | 600 | | 60,0 |
| 3 | 4176 | Книговодствен услуги | 24.000 | 105.000 | 97.000 | 404,1 | 92,4 |
| 4 | 4177 | Одржување на програм | 12.174 | 25.000 | 18.829 | 154,7 | 75,3 |
| 6 | 4179 | Ревизија на сметка | 106.200 | 160.000 | 130.626 | 123,0 | 81,6 |
| | 4178 | Проценка на имот | 17.700 | | | | |
| **8** | 4801 | Други трошоци | | | 26.579 | | |
| | **417** | **Вкупно интелектуални трошоци** | **1.420.085** | **1.900.000** | **1.736.854** | **122,3** | **91,4** |

**Тековни расходи** се остварени во износ од 2.421.776 денари или 85,9% во однос на планираните расходи, а во споредба со остварените расходи во 2023 година во износ од 2.358.581 денари се повисоки за 2,7%. Учеството на тековните расходи во вкупните расходи изнесува 26, 7%.

Поединечното извршување на тековните расходи споредени со остварените расходи во 2023 година и планираните со финансискиот план на Сојузот се дава во следниот преглед:

| | Опис | Остварен 2023год | Планиран 2024год | Остварен 2024 год | 2024/ 2023 | 2024/ план |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| **400** | **Материјали** | **275.279** | **285.000** | **220.352** | **80,0** | **77,3** |
| | 4001 гориво | 106.310 | 160.000 | 110.641 | 104,1 | 69,2 |
| | 4002 канцел материја | 98.613 | 40.000 | 67.750 | 68,7 | 169,4 |
| | 4003 сред за хигиена | | 30.000 | 28.871 | | 96,2 |
| | 4004 ситен. инвентар | | 15.000 | 5.000 | | 33,3 |
| | 4005 др материјали | 52.008 | 40.000 | 8.090 | 15,6 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 4008 ситен инвентар | 18.348 | | | | |
| **401** | **Електртр енергија** | **163.802** | **210.000** | **241.584** | **147,5** | **115,0** |
| | 4011 ел енергија | 163.802 | 210.000 | 241.584 | 147,5 | 115,4 |
| **403** | **Други услуги** | **478.913** | **620.000** | **565.790** | **118,1** | **91,3** |
| | 4031 поштен услуги | 68.486 | 70.000 | 54.647 | 79,8 | 78,1 |
| | 4032 одржув.раб простории | 106.668 | 120.000 | 119.999 | 112,5 | 100,0 |
| | 4033 услуги од граган | 6.666 | 35.000 | 1.111 | 16,7 | 3,2 |
| | 4034 печат.услуги | 49.442 | 15.000 | 11.639 | 23,5 | 77,6 |
| | 4035 други услуги | 42.780 | 130.000 | 92.087 | 215,3 | 70,8 |
| | 4036 телефон. услуги | 182.455 | 200.000 | 182.748 | 100,2 | 91,4 |
| | 4037 комун алии | 22.416 | 25.000 | 26.116 | 116,5 | 104,5 |
| | 4038 одр.мотор возил | | 5.000 | 53.638 | | 1073, |
| | 4039 одр канц опрем | | 20.000 | 23.805 | | 119,0 |
| **404** | **Превозни и транспортни услуги** | **2.333** | **20.000** | **11.857** | **508,2** | **59,3** |
| | 4041 услуги во патен сообраќај | | 5.000 | 444 | | 8,9 |
| | 4044 други- услуги такси | 2.333 | 15.000 | 11.413 | 489,2 | 76,1 |
| **405** | **Репрезентација** | **382.725** | **460.000** | **497.873** | **130,2** | **108,2** |
| | 4051 репрезентација | 382.725 | 460.000 | 497.873 | 130,2 | 108,2 |
| **408** | **Наемнина** | **20.480** | **15.000** | **15.205** | **74,2** | **101,4** |
| | 4081 -паркин простор | 20.480 | 15.000 | 15.205 | 74,2 | 101,4 |
| **409** | **Други матер. трош** | **177.761** | **80.000** | **79.895** | **44,9** | **99,9** |
| | 4092 дневен печат часописи | 32.107 | 50.000 | 59.036 | 183,9 | 118,1 |
| | 4093 регистр. моторно возило | 7.498 | 20.000 | 14.081 | 187,8 | 70,4 |
| | 4094 други мат.расхо | 49.128 | 10.000 | 6.778 | 13,8 | 67,8 |
| | 4095 одрж. канц. опр. | 7.733 | | | | |
| | 4096 др. матер.трош | 89.028 | | | | |
| **410** | **Провизија** | **148.202** | **160.000** | **142.983** | **96,5** | **89,4** |
| | 4101 редовна сметка | 127.398 | 132.500 | 128.498 | 100,6 | 97,0 |
| | 4102 с/ка сојузи | 15.156 | 22.000 | 8.740 | 57,7 | 39,7 |
| | 4103 с/ка Тутунска | 1.670 | 500 | 240 | 14,4 | 48,0 |
| | 4104/ с/ка Шпаркасе | 3.367 | 5.000 | 5.505 | 151,4 | 110,1 |
| **412** | **Премии за осигурување** | **30.308** | **45.000** | **32.748** | **108,1** | **72,8** |
| | 4121 -патничко возило | 18.503 | 15.000 | 12.520 | 67,7 | 83,5 |
| | 4122 патничко осигур | | 2.000 | | | 0,0 |
| | 4123 долгорочни средства | 6.269 | 20.000 | 14.692 | 234,4 | 73,5 |
| | 4124 - зелен картон | 5.536 | 8.000 | 5.536 | 100,0 | 69,2 |
| **413** | **Дневни и патни трошоци** | **289.462** | **400.000** | **252.609** | **87,3** | **63,2** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 4131 -патување во земја | 247.719 | 280.000 | 219.002 | 88,4 | 78,2 |
| | 4132 -патни расход | | 10.000 | | | |
| | 4133- сместување | 16.200 | 50.000 | | | |
| | 4134 - патарина | 17.543 | 20.000 | 9.990 | 56,9 | 50,0 |
| | 4135- со сопст.возило | | 20.000 | | | |
| | 4136 -патув. во стран | | 20.000 | 23.617 | | 118,1 |
| | 4139- во странс др расходи | 8.000 | | | | |
| **414** | **Превоз на работн и граѓани** | **25.653** | **30.000** | **26.656** | **103,9** | **88,9** |
| | 4140 -Превоз на рабтници | **25.653** | 30.000 | 26.656 | 103,9 | 88,9 |
| **420** | **Меѓунар соработка** | | **50.000** | **62.782** | | **125,6** |
| | 4201 Меѓун сораб | | 50.000 | 62.782 | | 125,6 |
| **430** | **Пренес средства** | **200.000** | **255,000** | **255.000** | **127,5** | **100,0** |
| | 4300- пренсес сред | 200.000 | 255.000 | 255.000 | 127,5 | 100,0 |
| **441** | **Средств за опрема** | **80.980** | **70.000** | **67.000** | **82,7** | **95,7** |
| | 4413 апарат,уреди | 80.980 | 70.000 | 67.000 | 82,7 | 95,7 |
| **451** | **Донации и помошти** | **161.963** | **80.000** | **79.215** | **48,9** | **99,0** |
| | 4512 помош на физички лица | 161.963 | 80.000 | 79.215 | 48,9 | 99,0 |
| | **Вкупно** | **2.358.581** | **2.820.500** | **2.421.776** | **102,7** | **85,9** |

Во рамките на тековните расходи, поголемо учество имаат расходите за материјали, дневни и патни трошоци, репрезентација, пренесени средства на здруженија и други услуги. Меѓутоа нивното извршување е во рамките на планираните средства со финансискиот план на Сојузот.

Пренесените средства до здруженија на пензионери во износ од 255.000 денари се доделени на 5 мали здруженија за адаптација на работни простории и клубови на пензионери.

Од напред изнесените податоци може да се заклучи дека финансиското работење на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија во 2024 година се остваруваше во рамките на планираните средства предвидени со финансискиот план на Сојузот за 2024 година. Во приходниот дел се забележува благ пораст на приходите од членарина и поголем пораст на другите приходи.

Позитивното финансиско работење укажува на фактот дека Сојузот рационално и економично ги користеше средствата.

Скопје, 2024 година